


Пастор Тони Аламо Аламова Христијанска Нација Том 17500

# ОГНЕНИ КОЧИИ

од Тони Аламо

Кога луѓето ќе го слушнат зборот „кочија“, тие мислат дека има само едно значење: „двоколка влечена од коњ што се користела во минатото во војни, за трки итн“. Во *Webster's Dictionary (Речникот „Вебстер“)*, исто така, стои „see CAR“ („види КОЛА“). Кога ќе го погледнеме зборот „car“ („кола“), може да видиме дека потекнува од латинскиот збор „carrus“, којшто значи „кочија“. Кочија, исто така, значи „(1) кое било возило на тркала, (2) возило што се движи на шини, како што е трамвај или вагон, (3) автомобил и (4) кабина на лифт“. Модерната дефиниција вклучува и воздухоплови, НЛО, летачки чинии и кои било носачи на луѓе, ангели, итн. Зборот „кочија“ преведен на еврејски може да значи „толпа“ или „товарна кола“. Така што, зборот „кочија“ има многу значења.



*Пастор Аламо и неговата покојна сопруга Сузан на нивната меѓународна телевизиска програма, снимена на Grand Ole Opry, Нешвил, Тенеси* *Фотографирано во 1975 година*

Во II Кралеви 6:15, кога слугата на БОЖЈИОТ човек (Елисеј) стана рано изутрина и излезе надвор, виде армија со коњи и кочии како го опколуваат градот (тие не беа огнени кочии, затоа што носеа само луѓе). Слугата на Елисеј запраша: „Господару, што ќе правиме?“ „Не плаши се“, му одговорил. „Повеќе се на наша страна, отколку на нивна“. Тогаш Елисеј му се помоли на БОГА велејќи: „БОЖЕ, отвори му ги очите и нека прогледа“. И тогаш ГОСПОД му ги отвори очите на слугата и тој ги виде ридовите околу Елисеј прекриени со коњи и огнени кочии. Овие кочии се различни од кочиите на Сиријците затоа што тие носат ангели. Тие се „огнени кочии“ и се невидливи за човечкото око сè додека БОГ не ни дозволи да ги видиме. ТОЈ денес на сè повеќе луѓе им дозволува да ги видат Небеските летачки чинии. Тие ја испитуваат земјата пред ИСУС да се врати повторно и според заповедите на БОГА, создаваат катастрофи во различни делови од светот поради човековото богохулие, идолопоклонство и голем број други грешни дела.[1]

Некои луѓе сметаат дека сè што треба да направиме е да веруваме во зборовите „ИСУС ХРИСТОС“ и ќе бидеме спасени. Всушност, она што БОГ сака да каже е дека треба да веруваме во сè што рекол, сè што сторил и во сè што сè уште прави ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС преку НЕГОВОТО ТЕЛО, а тоа е НЕГОВАТА Црква, НЕГОВАТА Невеста. Токму затоа, во книгата на Откровението ТОЈ ни кажува дека ние мора предано да го следиме НЕГО.[2]

Многу луѓе изјавуваат дека веруваат во НЕГОВОТО име, како што ѓаволот, исто така, верува во НЕГОВОТО име и трепери од страв (Јаков 2:19). Сепак, ИСУС ни вели дека ТОЈ бара од нас да го следиме НЕГО и да ги почитуваме сите НЕГОВИ заповеди со страст![3] Ако прекршиме дури и само една од НЕГОВИТЕ заповеди, исто како да сме ги прекршиле сите, затоа што ако прекршиме макар и една од НЕГОВИТЕ заповеди, тоа е доволно да ги испрати нашите души во вечен Пекол и вечност во Огненото Езеро.[4] Токму затоа ИСУС нè предупредува дека е сериозен. ТОЈ вели: „Вашите дела ми се познати. [ТОЈ знае

*(Продолжува на страница 2)*

**1** Битие 19:1-25, Броеви 22:1-35, 25:1-9, II Сам. 24:1-17, II Кралеви 19:35, I Летописи 21:9-30, II Летописи 32:19-22, Откр. 7:1-2, погл. 8, 9:1-5, 13-21, 14:8-11, 15-20, погл. 16, 18:1-2, 21, 19:17-21, 20:1-3, 21:9 **2** Мат. 3:7-10, 7:13-23, Јован 14:12, 15, 21-24, 15:1-14, Рим. 12:5-21, Гал. 5:14-26, Ефес. 4:20-32, Тит 2:11-15, Евр. 2:1-3, Јаков 1:21-27, I Пет. 4:7-8, II Пет. 1:3-11, I Јован 2:3-11, 15-17, 3:4-12, Откр. 3:14-22 **3** Откр. 3:14-22 **4** Јаков 2:10-11

# ОГНЕНИ КОЧИИ

*(Продолжува од страница 1)*

сè што велиме и правиме.] Вие не сте ни студени, ни жешки. Барем да бевте или студени или жешки. Вака, бидејќи не сте ни жешки, ни студени, туку сте млаки – ќе ве изблујам од МОЈАТА уста!" (Откровение 3:15-16).

Како е можно ГОСПОД да знае сè што велиме и правиме? Знаеме дека сè што сме рекле и сториле, и сè што ќе речеме и сториме, е запишано во книга.[5] Знаеме дека БОГ е секаде, дека универзумот не може да го задржи НЕГО.[6] ТОЈ е, исто така, семоќен, што значи дека ТОЈ има неограничена моќ и авторитет. ТОЈ е семоќен.[7] ТОЈ е сеприсутен, што значи присутен на сите места во исто време.[8] БОГ може многу лесно да знае сè што велиме и сè што правиме и ТОЈ не може да лаже (Евреите 6:18).

Најважно е да му веруваме на ИСУС кога ТОЈ вели дека ќе ни се суди за секој непромислен збор.[9] Матеј 12:36 вели: „Ве предупредувам дека за секој непромислен збор што ќе го изговорат луѓето, ќе одговараат на судниот ден". Во Откровението 20:11-12 се вели: „Потоа го видов големиот бел престол и ОНОЈ што седи на него. Земјата и небото бегаа од неговото присуство, но не најдоа место каде би се скриле. Ги видов и починатите луѓе, мали и големи, стоеја пред БОГА. Книгите беа отворени: и друга книга беше отворена, таа беше книгата на животот: на починатите им беше судено според она што за нивните дела беше запишано во книгите".

Во друга литература напишав дека БОГ ги испраќа СВОИТЕ ангели да ги уништат грешниците и грешните места на земјата.[10] Книгата на Откровението ни кажува за првата и втората појава на седумте чуми на Божјиот гнев што ангелите ќе го испуштат за да го уништат целокупниот грешен свет (Откровение 8:6 до 9:21, 11:14-19, 16:1-21).

Еден од ангелите, исто така, ја уништил војската на Сенахериб што броела 185.000 луѓе во само една ноќ. „Истата таа вечер, ангелот БОЖЈИ излезе и во таборот на Асирците уби сто осумдесет и пет илјади луѓе. И кога станаа рано изутрина, што ќе видат, сите беа мртовци" (II Кралеви 19:35).[11] Кога Давид се огреши со тоа што го преброи Израел, а БОГ не сакаше тој тоа да го стори, БОГ испрати ангел да донесе помор врз децата на Израел, од кој умреа седумдесет илјади луѓе (II Самоилова 24:15).

БОГ, кој е сеприсутен, насекаде во исто време, ги испраќа СВОИТЕ ангели, кои се негови работници, да ги проколне луѓето на земјата, да донесе уништување за злобните. Ангелите се, исто така, гласници кои се испратени да им носат радосни вести на луѓе како Марија и Елисавета.[12]

Сега има оган од БОГА што гори како пожар за кој зборува Апостол Петар во Второто писмо од Апостол Петар 3:7-14: „А сегашните небеса и земја од истото Слово се зачувани сè до Судниот ден кога оган ќе ги проголта и безбожниците ќе бидат уништени. Но, драги мои, една работа да не заборавите, кај ГОСПОД еден ден е како илјада години и илјада години се како еден ден. [Тоа едноставно значи дека БОГ не мора да се брза да ни суди мене и тебе, затоа што нашите животи се многу кратки.[13] БОГ е вечен; ТОЈ живее вечно.[14] ТОЈ знае дека за момент или два, јас и ти ќе стоиме пред НЕГО.[15] ТОЈ има многу време. Кога веќе нема да има време, јас и ти ќе се сретнеме со НЕГО – многу наскоро]. ГОСПОД не одложува со исполнувањето на СВОЕТО ветување [СВОЈОТ суд], како што некои мислат. Тој е само трпелив со нас, затоа што не сака никој да заврши во пропаст, туку секој да се покае [пред двата мига до нашиот суд да завршат].

„А ГОСПОДОВИОТ ден ќе дојде како крадец во ноќта. Тој ден, небесата ќе исчезнат со силна бучава. Елементарните состојки од жештина ќе се растопат, а земјата ќе изгори со сите дела што се во неа. Кога веќе знаете дека сето ова ќе пропадне, какви треба да бидете во своето владеење и во Побожноста, вие кои го очекувате и сакате скорото доаѓање на БОЖЈИОТ ден, кога запалените небеса ќе се распаднат, а елементарните состојки ќе се растопат од жештина? Но ние, според НЕГОВОТО ветување, очекуваме ново небо и нова земја, каде што ќе владее праведност. Затоа, возљубени, очекувајќи го тоа, погрижете се пред НЕГО да излезете во мир, чисти и непорочни".

Постои и БОЖЈИ оган којшто не гори како горенаведениот оган во којшто небесата и земјата ќе изгорат. Еве неколку примери за тој оган. Во Откровението 1:13-14 се вели дека имало еден меѓу седумте свеќници, симболика за седумте цркви, „што личеше на СИНОТ ЧОВЕЧКИ [ИСУС], облечен во долга облека до стапалата и опашан со златен појас околу градите. НЕГОВАТА глава и косата беа бели како волна, бели како снег [симболика дека ТОЈ е БОЖЈОТО ЈАГНЕ жртвувано пред создавањето на светот за гревовите на сите оние што би се покајале],[16] а НЕГОВИТЕ очи беа како <u>ОГНЕН ПЛАМЕН</u>..."

„ГОСПОДОВ ангел му [на Мојсеј] се покажа во огнен пламен од една грмушка. Тој се загледа, и што ќе види, целата грмушка е во пламен, но не изгорува" (Исход 3:2).

„ГОСПОД одеше пред нив [израелскиот народ], преку ден во столб од облак да им го покажува патот, а преку ноќ во столб од оган за да им свети, за да може да патуваат и преку ден и преку ноќ" (Излез 13:21).

**5** Второзк.. 31:21, I Кралеви 8:39, II Кралеви 19:27, I Летописи 28:9, Јов 31:4, 34:21-22, 25, Псал. 44:21, 69:5, 139:1-16, 23-24, Иса. 29:15-16, Езек. 11:5, Лука 16:15, Дела 15:18, Евр. 4:13, I Јован 3:20, Откр. 20:12-13 **6** I Кралеви 8:27, II Летописи 2:6, Псал. 139:7-16, Изреки 15:3, 11, Ерем. 23:23-24 **7** Битие 17:1, 35:11-12, I Летописи 29:11-12, II Летописи 20:6, Јов 42:2, Псал. 104:1-32, Иса. 26:4, 40:12-18, 21-28, Мат. 19:26, 24:30, 28:18, Лука 1:37, Јован 17:2, Дела 26:8, Ефес. 1:19-22, Кол. 1:12-19, 2:10, Евр. 1:1-12, Откр. 4:11, 16:9, 19:6 **8** Псал. 139:3-10, Ерем. 23:23-24, Дела 7:48-49, 17:24 **9** Псал. 19:14, Мат. 12:36-37 **10** "The Army and Airforce of God (The Watchers)" [„Армијата и воздушната сила на Господ"], "Heavenly Angels Hovering Over Our Planet" [„Небески ангели ја надлетуваат нашата планета"] Битие 19:1-25, Исх. 33:1-3, II Сам. погл. 24, II Кралеви 6:8-17, 19:1-35, II Летописи 20:1-24, 32:1-22, Псал. 34:7, 35:4-6, Зах. 1:7-21, Мат. 13:36-43, 47-50, 16:27, Дела 12:21-23, Јуда 14-15, Откр. 7:1-2, погл. 8, 9:1-5, 12-21, 14:8-11, 15-20, 15:1, погл. 16, 18:1-2, 21, 19:17-21, 20:1-3, 21:9 **11** II Летописи 32:19-21, Иса. 37:36 **12** Битие 16:6-15, 21:14-21, Судии погл. 13, I Кралеви 19:1-8, Дан. погл. 6, Мат. 1:18-25, 28:1-8, Лука 1:5-20, 26-38, 2:7-16, Дела 1:9-11, 10:3-6, 12:1-11, 27:9-44 **13** I Летописи 29:15, Јов 4:17-21, 7:6-10, 9:25-26, Псал. 22:29, 39:4-6, Иса. 2:22, 40:6-7, Јаков 1:10-11, 4:14, I Пет. 1:24 **14** Исх. 15:18, Второзак.. 32:39-40, Јов 36:26, Псал. 9:7, 10:16, 29:10, 45:6, 90:1-4, 93:2, 102:12, 24-27, 146:10, Иса. 44:6, Плач 5:19, Дан. 4:34, Лука 1:33, Евр. 1:10-12, I Тим. 1:17, 6:15-16, Откр. 1:8, 17-18, 4:8-11 **15** Псал. 73:18-19, Проп. 12:13-14, Дан. 7:9-10, Дела 17:30-31, Рим. 2:5-13, 16, 14:10-12, I Кор. 15:52, II Кор. 5:10, Евр. 10:26-31, Откр. 11:18, 20:11-15 **16** Иса. 53:4-12, Јован 1:29, I Пет. 1:18-19, Откр. погл. 5, 6:16, 7:9-17, 12:11, 13:8, 14:1-4, 15:3, 17:14, 19:7-9, 21:9-27

„ГОСПОДОВАТА слава на врвот на планината беше за очите на Израелците како оган што проголтува“ (Излез 24:17).

Во Матеј 3:11, Јован Крстител вели: „Јас ве крштевам во вода за покајание; но ТОЈ [ИСУС] кој доаѓа по мене е посилен од мене, кому јас не сум достоен да му ги понесам обувките. ТОЈ ќе ве крсти со СВЕТИОТ ДУХ и со ОГАН“.

„Седејќи со нив на трпезата, ТОЈ [ИСУС] зеде леб, го благослови, па го раскрши и им го подели. Тогаш им се отворија очите и ГО препознаа; но во истиот миг ТОЈ исчезна и стана невидлив за нив. И си рекоа еден на друг: Зарем не ни се разгореа срцата уште по патот, кога ТОЈ ни говореше и ни го објаснуваше Светото писмо?“ (Лука 24:30-32).

Во II Кралеви 6:17, Елисеј му се помоли на БОГА да му ги отвори очите на неговиот слуга: „Отвори му ги очите да види. И ГОСПОД му ги отвори очите на младичот и тој виде. Планината околу Елисеј беше целата прекриена со ОГНЕНИ [исто како СВЕТИОТ ДУХ, оној ОГАН со кој ИСУС крштева кога нѐ дарува со моќ од горе, крстени со СВЕТИОТ ДУХ и со ОГНОТ] коњи и кочии [коли, НЛО-а, летачки чинии]“.

Во Делата на апостолите 1:7-9, ИСУС им порача на СВОИТЕ следбеници: „Не е ваше да ги знаете времињата и сезоните коишто ТАТКОТО ги одреди со својата власт. Но, ќе примите сила [ОГАН и ПРЕДАНОСТ] откако СВЕТИОТ ДУХ ќе слезе врз вас; и ќе им проповедате за МЕНЕ на луѓето како во Ерусалим, така и во цела Јудеја и во Самарија и сѐ до крајот на земјата. Откако им го рече тоа, пред нивните очи ТОЈ почна да се подига кон небото, сѐ додека облак не го скри од нивните погледи“.

СВЕТИОТ ДУХ го зеде ИСУС во Небесата. Тоа е СВЕТИОТ ДУХ којшто ги контролира НЛО-та, летачките чинии или ОГНЕНИТЕ кочии со ангели во нив. Тие не се од ниту една планета. Тие се Небески – од Небесата – ја надлетуваат земјата кога се ближи крајот, пред ИСУС повторно да се врати на земјата. Тие, исто така, го воведуваат почетокот на страдањата за коишто ИСУС зборува во 24-то поглавје на Матеј. Ова се зборовите на ИСУС: „Внимавајте некој да не ве заведе. Затоа што мнозина ќе дојдат во МОЕ име, говорејќи: ‚Јас сум ХРИСТОС‘, и ќе измамат мнозина. Ќе чуете за војни и гласови за војни; нека не ве обзема страв; затоа што тоа мора да се случи, но сѐ уште не е дојден крајот. Зашто ќе се дигне народ против народ, и царство против царство; и ќе има глад и помор [помор е смртоносна епидемија; чума; сѐ она што се смета за штетно] и земјотреси на разни места. Но, сѐ тоа е само почеток на страдањата“ (Матеј 24:4-8).

Зар не мислите дека веќе одамна се почнати страдањата? Во 9-от стих се вели: „Тогаш ќе ве предадат на маки [и ГОСПОД и неговите ангели гледаат!] и ќе ве убиваат [како што убиваа мажи, жени и деца во масакрот во Вако – и ГОСПОД и НЕГОВИТЕ ангели гледаат. Ценет Рено и Бил Клинтон на националната телевизија изјавија дека преземаат целосна одговорност за тоа. Бил Клинтон рече: „Ова треба да им биде поука на луѓето дека не треба да припаѓаат на култови“. Ова што Бил Клинтон го стори, и рече дека го сторил претставува противзаконски и противуставен акт против Првиот амандман.]: и вас [вистински Христијани] ќе ве мразат сите народи заради МОЕТО име [затоа што го сакате ИСУС. ИСУС и набљудувачите гледаат сѐ што се случува овде.]. Тогаш мнозина ќе се навредат [заради прогонството доколку си вистински Христијанин (не Католик)] и едни со други ќе се издаваат [како што се издаваат] и едни со други ќе се мразат [како што се мразат]. И ќе се јават многу лажни пророци [на Сатаната] и ќе излажат мнозина. [Во Откровението 12:9 се вели: „И беше исфрлен големиот змеј, таа стара змија, наречен Ѓавол и Сатана, којшто го мами целиот свет; беше исфрлен (од Рајот) на земјата, и неговите ангели беа исфрлени заедно со него“.] Грешноста ќе зема таков замав, што љубовта меѓу луѓето ќе ја снема. А тој што до крај ќе издржи, ќе биде спасен. [БОГ и ОГНЕНИТЕ кочии сѐ слушаат и сѐ гледаат.] А ова Евангелие [овие вистини] за небеското царство ќе биде проповедано по целиот свет, за сведоштво на сите народи, и тогаш ќе дојде крајот [на светот]. И така, кога ќе ја видите одвратноста на запустувањето, за која зборува пророкот Даниел, како стои на светото место (кој чита, нека разбере)“ (Матеј 24:9-15).

Одвратноста што го запустува цел свет е кога Папата во Рим, Ватикан, ги собира водачите на сите народи на едно место за заедно да оформат Една свет-

*(Продолжува на страница 4)*

## Гана

Драги пасторе Тони Аламо,

Господ богато да ве благослови за вашите добри дела, што сѐ уште ги правите за народите. Мојата црква, „Интернационална црква Милостив час”[The Grace Hour Ministry International], Гана, посети неколку градови во околината на Мафи-Кумаси за да го подели билтенот на Тони Аламо на повеќе од 5.000 луѓе. Им донесовме добри вести и 500 луѓе му се предадоа на Христа и се договоривме да се среќаваме секој вторник и недела за да го проучуваме Словото Божјо и да се молиме за црквата на Тони Аламо. Наша тема на годината е: 2013 Година на божествен успех (I Кралеви 8:56). Јас, како раководител на групата, би сакал да ја искористам оваа можност да побарам 20.000 различни примероци литература, 50 Библии за новите водичи од таа група и 300 примероци од книгите „Месијата” [*The Messiah*] за нашата следна кампања на отворено, што ќе се одржи од 11 до 20 февруари 2013 година и уште еднаш да се помолам Бог да ја слушне нашата молитва и да го извлече пастор Аламо од затвор.

Стефан Квабла Гбеве — Регион Волта, Гана



**Аламово Свештенство на интернет**
**www.alamoministries.com**

*(Продолжува од страница 3)*
ска влада, Нов светски поредок, којшто е ѕверот. Тоа е во духот на Сатаната.

Еве една статија од 10 декември 2012 година што се однесува на една изјава од печатот на Ватикан: „Ватикан повикува на создавање на Светска влада и Нов светски поредок“, од Ендру Пуханик, соработник, „Активист Пост“. „Водачот на Католичката црква [култ], Папата Бенедикт XVI, повика на оформување на Светска влада и Нов светски поредок. Во говорот одржан на 3-ти декември 2012 година пред Папскиот совет за правда и мир, Папата повика на ‚создавање на светска заедница со соодветна власт‘ да служи за ‚општото добро на човечкиот род‘“.

Општото добро? Во Откровението 16:1-2, БОГ вели дека ако се приклучиме на таква проколнувачка организација како што е овој ѕвер, оваа Светска влада, овој Нов светски поредок, си ја запечатуваме сопствената судбина: „И чув силен глас од храмот, како им зборува на седумте ангели: „Одете и истурете ги седумте чаши на Божјиот гнев на земјата“. И првиот отиде и ја истури својата чаша на земјата; и болна и лута рана ги снајде луѓето кои го имаа белегот на ѕверот [кој е белегот на Светската влада, на Новиот светски поредок] и кои се поклонуваа на неговиот лик [кој е всушност целиот свет на измамени луѓе чии души не нашле спас]“.

Во Откровението 19:20 пишува: „И ѕверот [Светската влада, Новиот светски поредок предводен од Рим[17]] беше фатен, заедно со лажниот пророк [односно култот на Римокатоличката црква], кој правеше чуда [лажни чуда, како што е појавување на Марија и статуи на ИСУС како крвави на крст и статуи на Марија од чии дланки тече крв] пред него, со кои ги измами оние, кои го примија белегот на ѕверот [сите луѓе во светот што Сатаната ги измами] и кои се поклонуваа на неговиот лик [тие што му служат на неговата влада и што се на неговиот платен список]. Обајцата беа фрлени живи во огненото езеро што гори со сулфур“.

Со она што овој папа прави и зборува, брзо го наведува измамениот свет да го примат белегот на ѕверот на своите дланки или на своето чело. Сите оние што ќе го прифатат овој белег го богохулат СВЕТИОТ ДУХ. Овој папа измамува многу луѓе во име на мирот и безбедноста.[18] Во Откровението 13:16-17 пишува: „И направи [Сатаната отелотворен во папата, неговата лажна црква и неговиот Нов светски поредок, Светска влада] на сите, мали и големи, богати и сиромашни, слободни и робови, да им се стави белег на десната дланка или на челото; и никој да не може ниту да купи, ниту да продаде, освен оној кој има белег, или го има името на ѕверот или бројот на неговото име“.

Во неговата изјава за печатот, Папата додава дека тоа е начин да се одбранат мирот и правдата во светот [„Вашиот татко е ѓаволот и вие сакате да ги исполнувате желбите на татко ви. Тој беше човекоубиец од почетокот и никогаш не бил на страната на вистината, зашто во него нема вистина. Кога зборува лага, зборува од себе; затоа што е лажго и татко на лагата“ (Јован 8:44)]. Визијата на Папата за воспоставување на

**17** Откр. 17:1-9,15-18,18:1-10, 15-19, 24, 19:1-3 **18** Ерем. 6:13-14, 8:11, Езек. 13:9-10, Мат. 10:34, I Солун. 5:1-9

## Калифорнија

До црквата Аламо,

Ви благодарам за последниот пакет литература. Добро би ми дошол уште еден пакет. Ми останаа само три книги од целата литература!

Кога гледам многу коли, морам да ги ставам на предните стакла! Лентата на пастор Аламо за сеење на семињата имаше силно влијание врз мојот живот. Пастор Аламо, исто така ми рече: „Направи нешто додека можеш“. Вчера наидов на едно Лутеранско црковно училиште пред кое имаше голем број автомобили, потоа наидов на еден колец и на крај стигнав до областа Сил Бич Пир [Seal Beach Pier] и едноставно снемав материјали од литературата! Денот беше прекрасен и навистина уживав во мојот омилен спорт, „да му удирам клоци на ѓаволот“ и како што кажа пастор Тони: „Тоа му дава големо задоволство на нашиот Господ“. Како што знаете, многу луѓе слушнале за Тони преку медиумите контролирани од Ватикан! Кога на овие луѓе им давам литература, се грижам да ја слушнат правата вистина за пастор Аламо! Црните кампањи што ги водат против него се целосно лажни и го мразат (како што го мразеа Исус) затоа што тој е државен непријател број 1 за симнување на маската на Ватикан, култот на Сатаната.

Тоа е војна на зборови, како што рече пастор Аламо, Божјата вистина против лагите на Сатаната! Но, многу луѓе на кои им давам литература ја слушаат правата вистина за црквата Аламо! Колку повеќе го прогонуваат Тони, толку повеќе сум убеден дека тој е Господов човек. Сè што треба да сторите е да ја сослушате пораката и ќе сфатите дека тој навистина е пророк Божји! Богато ќе бидеш награден во Рајот, пасторе Тони, за тоа што го даваш својот живот за Бога, за други да бидат спасени и да одат во Рајот за вечност и да побегнат од вечните огнови на Пеколот! Дури и да те убијат, знам дека Божјите дела што ги направи ќе продолжат да го проповедаат вечното евангелие! Сатаната не може да ги сопре вистинските дела Божји! Иако сте во затвор, евангелието продолжува да се проповеда посилно од кога и да е, преку вашата литература и преку посветени Христијани кои се како вас, низ целиот свет. Сатаната е поразен душман. Слава му на Бога!

Ватикан, големата курва, не се промени и никогаш нема да се промени! Се молам Господ да го чува пастор Аламо од овој сатанистички ѕвер и знам дека ќе го чува! „Не ќе успее оружјето исковано против тебе“. Какво ветување! „Не гибајте ги Моите помазаници и не нанесувајте им зло на Моите пророци“. Откровението 18:24 вели: „И во неа [Ватикан] се најде крвта на пророците и на светите и на сите кои беа заклани на земјата“. Но, знаеме кој ќе победи на крај, а тоа не е ѓаволот! Продолжи да го правиш она што го правиш! Знам дека ќе продолжи и црквата и Тони. Како што Тони рече: „Сигурен сум дека имаш слушнато за новиот закон на омраза – ако си против истополови бракови, тоа ќе биде злочин“. Сигурен сум дека наскоро ќе го спроведат.

Уште еднаш ти благодарам за сè. Очекувам нова пратка литература за да можам да продолжам со нападите кон Сатаната! Слава му на Господа!

В. Д. Лејквуд, Калифорнија

Светска влада и Нов светски поредок наводно нема за цел создавање на нова суперсила, туку нов орган за владеење [кој е за осудениот пропаднат свет (но со избавување за светците)] кој на оние (подли политичари) што се одговорни за донесување одлуки им дава критериуми за судење и практични насоки. Папата беше цитиран како вели: „Предложениот орган (Светска влада) не би бил суперсила концентрирана во рацете на малкумина преку која би се доминирало со сите луѓе и би се експлоатирале најслабите“. [Тие токму тоа и планираат да го прават и го прават.] Папата ја опиша својата визија како „морална [неморална] сила“ или морален авторитет [ако тој е толку морален, зошто таа влада не ги дозволува Десетте Божји заповеди во јавните училишта или во владините институции, како што се судниците?] којшто има „моќ да влијае во согласност со разумот, односно, партиципативен авторитет, ограничен со закон во рамки на својата надлежност“.[19]

БОГ на сите ни порачува да се држиме настрана од сите организации на Сатаната, првенствено Сатанската Светска влада, којашто добива контрола врз Новиот светски поредок од Сатаната.[20] Дали ќе му верувате на БОГА или на овој Сатански Ватикански Римокатолички култ и на Папата? Ништо не добивате ако му верувате на Папата на Сатаната. Крајот на оние што му веруваат и го следат е вечност во Огненото езеро.

Верувајте му на БОГА кој едноставно вели дека нема живот на друга планета. Исто така, верувајте дека НЛО-ата се ангели од Небесата, Набљудувачи и верувајте во СЕМОЌНИОТ БОГ, кој е сеприсутен, што значи дека ТОЈ Е насекаде во исто време.

Ако вашиот избор е БОГА, тогаш кажете ја оваа молитва. Потоа крштевајте се, целосно потопени во вода, во име на ОТЕЦОТ, СИНОТ и СВЕТИОТ ДУХ.[21] Проучете ја Библијата, верзијата на

(Продолжува на страница 8)

**19** http://www.activistpost.com/2012/12/vatican-calls-for-world government-and.html **20** II Кор. 6:14-18, II Солун. 2:3-12, Откр. 2:18-25, 14:8-11, 16:1-2, 10-11, погл. 17, 18:1-8, 19:1-3, 17-21, 20:4, 10 **21** Мат. 28:19-20, Јован 3:5, Дела 2:38, 19:3-5

## Сведоштво на Сузет Браун



*сестра Сузет Браун*

Се викам Сузет Браун и член сум на Христијанската црква на Тони Аламо веќе скоро пет години. Тоа се најдобрите пет години во мојот живот. Преку учењето на мојот пастор, Тони Аламо, научив како да се молам и да му се приближам на Господ, како низ молитва да ја читам Библијата и како да им ја пренесам на луѓето. Многу сум благодарна на Христијанската црква на Тони Аламо затоа што откако добив спасение, сакам да му служам на Господ со целото свое срце и да Му го дадам својот живот и вратите на оваа црква се отворија за мене.

Од мали нозе бев растена во различни Христијански цркви. Кога бев мала ми се допаѓаше госпел музиката. Мојот чичко Мајк беше пастор и ми кажа за Пеколот кога имав пет години. Ми кажа за огнот и вечните маки. Тогаш го прашав: „Како да најдам спасение?“ Тој се молеше со мене. Се сеќавам на молитвата: „Господе, верувам дека умре на крстот за нашите гревови и воскресна на третиот ден. Влези во моето срце, Господе Исусе“. Никогаш не ми беше кажано за моќта на крвта на Исус да ги измие моите гревови или дека треба да го почитувам Божјите заповеди. Мојот чичко ми кажа дека сум спасена и дека не може да го изгубам спасението. Верував во она „еднаш спасена, засекогаш спасена“, и дека никој не може да биде совршен. Тоа ми кажуваа црквите. Навистина верував дека сѐ што треба за да добиеш спасение е да кажеш молитва и да веруваш дека Исус умре на крстот за моите гревови. Од моја 5-годишна возраст верував дека сум спасена.

Кога стигнав во средно училиште, ја посетував Јужната Баптистичка црква. Пасторот и раководителот на хорот правеа гревови и тоа ме одвраќаше од Христијанството. Не дека јас бев подобра; и јас бев грешник. Престанав да одам во црква.

Последната година од средно училиште сакав да се забавувам и да бидам интересна. Бев одличен ученик со најдобри оцени. Последната година од средно училиште се здружив со погрешни луѓе и станав зависна од метамфетамин. Почнав да го земам секој ден. Бев во ситуација да лажам, да крадам и да продавам дроги. Мојот живот одеше во надолна линија. Станав толку изгубена и депресивна. Се чувствував толку празно и осамено. Заминав од дома да живеам со моето момче којшто беше дилер на дрога и станав многу несреќна. Го напуштив колеџот, престанав да работам и живеев живот со дрога. Осум години од мојот живот користев метамфетамин. Никогаш не сакав да бидам зависна од ништо, но Сатаната ме имаше во свои раце и не можев да запрам.

Неколку години по 11 септември, го гледав „Loose Change.“ Гледав како Кулите близначки се рушат и знаев дека тоа претставува контролирано разурнување. Започнав да истражувам за 11 септември. Сакав да ја дознаам вистината, кој е одговорен за 11 септември. Не ѝ верував на нашата влада. Потрошив четири или пет години во истражување -

(Продолжува на страница 6)

# Сведоштво на Сузет Браун

*(Продолжува од страница 5)*

илјадници часови истражување. Ова истражување ми беше како излез од таквиот живот и ми стана опсесија. Во тој период од мојот живот, ќе земев метамфетамин и ќе истражував. Еден ден сфатив дека она што го читам е лага. Седев пред мојот компјутер и почнав да се молам: „Господе, покажи ми ја вистината за 11 септември. Чувствувам таква тежина што морав да ја дознаам вистината. Толку многу истражував. Покажи ми ја вистината и отстрани ги лагите". Господ веднаш ми одговори. Започнав да наоѓам информации за Језуитите и за Ватикан. Никогаш не знаев ништо за Католичката црква. Изгледав едно видео на интернет од Алберто Ривера (поранешен Језуитски свештеник) како зборува за Христијанската црква на Тони Аламо во 1984 година. Зедов една жолта самолеплива белешка и запишав „Христијанска црква на Тони Аламо" и ја оставив настрана и целосно заборавив на неа. Продолжив да истражувам за Језуитите и за Ватикан. Верував во конечно избавување пред доаѓањето на страдањата, така што мислев дека нема да бидам овде кога ќе има една светска влада. Бог започна да ми ги отвора хоризонтите за да сфатам дека ги живееме последните денови и дека Ватикан е Мајка на Одвратноста. Не сакав да верувам во тоа.

Во тој период, еден ден моето момче дојде и ми рече дека занесот не е вистински. Се налутив, но не ја знаев Библијата и не можев да му цитирам ништо од Библијата со што ќе ги поткрепам моите верувања. Па така, започнав да ја читам Библијата за да му докажам дека греши. Во Библијата не можев да најдам ништо со што ќе ги поткрепам моите верувања. Го прочитав Матеј поглавје 24 Стихови 29-30: „Веднаш по неволјите во тие дни, ќе потемни Сонцето, Месечината ќе престане да свети, од небото ѕвезди ќе паѓаат и небесните сили ќе се разнишаат. И тогаш ќе се појави на небото знакот на Синот Човечки и ќе залелекаат сите народи на земјата и ќе го видат Синот Човечки, како доаѓа на небесните облаци со сила и со голема слава". Си помислив: „Господ доаѓа по неволјите, а не пред нив!" Исто така, продолжив да читам списи во кои Тој им велеше на Своите следбеници „да гледаат" и „да бидат подготвени", „Не го знаете времето, моментот или часот на Моето доаѓање". Го запрашав Господ: „Зошто им велиш на своите следбеници да гледаат и да бидат подготвени, ако не можеме да го изгубиме нашето спасение? Што треба да гледаме?" Господ му проговори на моето срце и ми кажа: „Затоа што може да го изгубите вашето спасение". Бев толку многу лута на црквите. Ме лажеа и ме измамија. Не сакав да се вратам во црква.

Во тоа време, сè уште бев изгубена и мртва во своите гревови, зависна од метамфетамин. Престанав да истражувам за Језуитите затоа што се исплашив. Не сакав да мислам на тоа. Еден ден, додека седев издрогирана во дневната соба, ми се случи нешто што ме убеди да верувам во Бога. Мо-

## Германија

Драги пасторе Аламо,

Поздрави во име на Господа. Толку сум благословен што ја прочитав вашата веб-страница. Би сакал да ве замолам доколку може да ми испратите дел од вашата литература и на англиски и на германски јазик. Би биле многу љубезни доколку може да испратите материјал за 100 луѓе затоа што сакам сите во мојата црква да ја имаат книгата *„Месијата" [The Messiah]*. Би ве замолил да ми испратите 50 примероци на германски јазик и 50 примероци на англиски јазик. Исто така, потребни ни се 10 Библии, или на англиски, или на германски, и 1.000 летоци затоа што сакаме да допреме до што повеќе луѓе! Господ богато да ве благослови што ни помагате да го повратиме изгубеното со словото Божјо! Го очекувам наскоро вашиот одговор!

Со почит кон Христос,
Андре Ј. Шен

Келн, Германија

## Јужна Африка

Колку е прекрасен Тој, Богот на Јаков и нашиот жив Свет Господ! Секогаш му се заблагодарувам на Господ за тоа што вашата црква ги доближува луѓето до Бога и тие започнуваат да му служат на Бога со цело срце, ум, душа и сила. Ти благодарам, пасторе Тони Аламо. Нека Божјата благодарност и милост бидат секогаш со вас и со вашата црква.

Гифт Лимбан Нангвале
Јоханесбург, Јужноафриканска Република

## Уганда

Драги пасторе Тони Аламо,

Поздрави до вас во името на Исус Христос. Јас сум пастор Ембвата Јамунгу, дистрибутер на вашата литература во Кампала, Уганда.

Сакам да му се заблагодарам на Бога за Неговите дела остварени преку вашата литература. Ја разделив вашата литература во колеџот Сити Сентар [City Center College School] и во основното училиште Накивубо. Повеќе од 30 ученици најдоа спасение, додека пак во Демократска Република Конго, 15 луѓе.

Сакам да побарам да ми испратите литература, плус 20 Библии на англиски јазик, 20 Библии на француски јазик, 20 примероци од книгата *Месијата [The Messiah] на француски јазик, 20 примероци од книгата Месијата* [*The Messiah*] *на англиски јазик и 25 блузи за тимот во Уганда и Конго.* Тие Библии ќе им бидат дадени на новите преобратеници, саканите.

Со почит кон Христос,
Пастор Ембвата Јамунгу
Кампала, Уганда

жев да го почувствувам присуството на Господ. Започнав неконтролирано да плачам. Клекнав на колена и му плачев на Господа од сѐ срце и му реков: „Господе, како може да речам дека те сакам и да продолжам да грешам и како може да се нарекувам Христијанка и да продолжам да грешам?“ Срцето ми се скрши на милион парчиња. Се чувствував толку засрамена, толку скршена, толку нечиста. Господ ми покажа дека не сум спасена и дека сум на пат кон Пеколот. Побарав од Господ да ми го покаже правиот пат, да ми каже каде да одам. Му кажав на Господа дека сите цркви ме лажеа и дека мора да има некое место каде што ќе може да отидам. Не сакав да одам во Пеколот, не сакав веќе да се дрогирам, но не можев да запрам. Не сакав повеќе да правам гревови, но не можев да запрам.

Наидов на жолтата самолеплива белешка што ја имав напишано пред неколку месеци „Христијанска црква на Тони Аламо“. Се приклучив на Интернет и започнав да читам госпел литература. Не можев да престанам. Литературата беше исполнета со Светиот Дух и беше како лековита вода за мојата свената душа. Литературата ја читам и ден и ноќ. Моќна е. Ги прочитав „Тајните на папата“, „Злобни агенти на Едно-светската влада преправени во американски агенти“ и „Уште еден Перл Харбор“ и знаев дека нашиот пастор ја знае вистината.

Моето момче ме донесе од областа на заливот Сан Франциско во сабота вечер. Дојдов на две богослужби во недела. Можев да го почувствувам Светиот Дух. Знаев дека Господ сака да бидам таму, но не бев подготвена. Отидов дома и Господ се занимаваше со мене три недели. Продолжив со дрогите и со моето момче. Еден ден ја читав литературата со наслов „Патот кон силата“ и добив верба да паднам на колена. Сатаната ми велеше дека ќе ѝ се вратам на дрогата, така што не сакав да ја кажувам молитвата на грешниците. Но, овој пат ги скршив оковите. Со цело срце верував дека Господ ќе ме избави од моите гревови и од зависноста од дрога. Ја кажував молитвата на грешниците со цело срце и се решив: „Ќе му служам на Господ со цело мое срце и никогаш нема да се вратам на грешниот живот“. Бев на колена во една хотелска соба. Исус Христос ме ослободи. Знаев дека сум спасена. Можев да почувствувам како Неговиот Свет Дух навлегува во мене и неговата крв ги измива моите гревови. Бев толку среќна. Плачев од радост. Сакав да истрчам и на сите да им кажам што ми се случи. Немав веќе желба да земам дрога и да правам гревови. Сѐ што сакав да правам е да ја читам Библијата и да му служам на Господ. Ѝ се придружив на оваа црква два дена откако бев спасена на 11 јануари 2008 година. Спакував два куфера, се качив на воз и дојдов овде. Никогаш не сум била толку среќна. Сѐ уште сум чиста од дрога. Го примив крштевањето на Светиот Дух и тоа е она што сакам да правам во остатокот од животот. Да му се оддолжам на Господ затоа што Тој го даде Својот живот за мене на Голгота. Господ навистина може да ве спаси и да ви даде сила да ги надминете гревовите. Тој ми помогна мене и може да му помогне на секој кој ќе Го пови-



*брат Јосеф Банда ја дели духовната литература на пастор Аламо во центарот на градот Чипата – Чипата, Замбија*

## Флорида

Ви благодарам многу! Сакам пасторот Аламо да знае дека презедов од Интернет и ставив на ЦД голем број од неговите пораки за да ги слушам. Ме одвлекуваат од слушање радио-емисии (од гледање телевизија се откажав уште во 2003 година). Цело време ги слушам пораките на пастор Аламо и учам многу од СЛОВОТО. Тие толку многу ме благословија!

Со љубов кон Јахшуа (Исус),
Хенк Кристен
Сент Петерсбург, Флорида

## Филипини

Почитуван евангелист, Тони Аламо,

Го пишувам ова со помош на ќерката на мојот работодавец, која ми е како помала сестра затоа што не можам многу добро да пишувам и зборувам на англиски јазик. Имам деветнаесет години, завршив средно училиште во една од провинциите на Филипините која се вика Антик и работам како куќна помошничка на ова пријатно семејство скоро една година.

Семејството ја слуша вашата радио програма „Црквата на Тони Аламо“ секоја недела и ме охрабрија и мене да започнам да ја слушам. Понекогаш не ги разбирав некои зборови, но тие ми објаснуваа што се зборува во вашата програма и еднаш штом разберам, ја вртам пораката во глава и повеќе ја ценам.

Се надевам дека ќе продолжите да ја ширите Божјата љубов преку вашата програма. Ви посакувам да имате повеќе сила и споменете ме во вашите молитви и помолете се за здравје на моето семејство. Исто така, во вашите молитви споменете го и семејството за кое работам. Тие се однесуваат толку добро кон мене и ме третираат како да сум член на семејството.

*Salamat po* (Ви благодарам).
Лезле Еспонила
Кезон Сити, Филипини

*(Продолжува од страница 5)*
кралот Џејмс и правете го она што таа ви покажува.[22]

**ГОСПОДЕ мој и мој БОЖЕ, имај милост за мојата душа, за мене грешниот.[23] Верувам дека ИСУС ХРИСТОС е СИНОТ на живиот БОГ.[24] Верувам дека ТОЈ умрел на крстот и ја пролеал СВОЈАТА скапоцена крв заради проштевање на сите мои претходни гревови.[25] Верувам дека БОГ го воскреснал ИСУСА од мртвите, преку силата на СВЕТИОТ ДУХ,[26] и дека во овој момент ТОЈ седи од десната страна на БОГА, слушајќи ја исповедта за моите гревови и оваа молитва.[27] Ја отворив вратата на моето срце и те повикувам ТЕБЕ, ГОСПОДЕ ИСУСЕ во моето срце.[28] Измиј ги сите мои нечисти гревови преку скапоцената крв ТВОЈА, којашто ја имаш пролеано наместо мене, на крстот на Голготата.[29] ТИ нема да ме отфрлиш, ГОСПОДЕ ИСУСЕ; ТИ ќе ми ги простиш гревовите мои и ќе ми ја спасиш душата моја. Го знам тоа, бидејќи СЛОВОТО ТВОЕ, Библијата, го кажува тоа.[30] СЛОВОТО ТВОЕ кажува дека ТИ никого нема да отфрлиш, а тоа значи дека нема да ме отфрилиш ниту мене.[31] Затоа знам дека ТИ си ме слушнал и дека ТИ си ми одговорил и знам дека сум спасен.[32] ТИ се заблагодарувам ГОСПОДЕ ИСУСЕ за спасението на мојата душа и благодарноста моја ќе ја изразам правејќи го она што ТИ го заповедаш и нема повеќе да грешам.[33]**

„Сега, кога сте веќе спасени, служете му на Господ со целото свое срце, душа, ум и сила“ (Марко 12:30).

По спасението, ИСУС ни кажува да се крстиме, во целост потопувајќи се во вода, во името на ОТЕЦОТ, на СИНОТ и на СВЕТИОТ ДУХ.[34] Вредно учете ја Библијата, верзијата на кралот Џејмс, и правете го она што таа ви го кажува.[35]

Сите нови верзии на Библијата не се преведени од оригиналните списи, а такви се на пример Новата интернационална верзија – (NIV), или Новата Верзија на Кралот Џејмс – (NKJV). Вака гласи цитатот од Римјаните 13:1-4 во оригиналните списи: „Секоја душа нека им се покорува на високите сили. Затоа што не постои друга власт освен онаа на БОГА: властите коишто постојат се ракоположени од страна на БОГА. [Властите на БОГА на земјата се свештенствата на евангелието.] Па така, оној кој што им се спротивставува на властите, им се противи на уредбите на БОГА: и тие кои што се спротивставуваат ќе ја примат својата осуда. Затоа што владетелите не се страв за добрите дела, туку за злите. Сакаш ли да не се плашиш од власта? Прави го она што е добро, па ќе бидеш пофален од неа: БИДЕЈЌИ ТАА МУ СЛУЖИ НА БОГА ЗА ТВОЕ ДОБРО. [НЕ СИТЕ СЕКУЛАРНИ ВЛАДИ ИЛИ ВЛАДИНИ АГЕНЦИИ СПАЃААТ ТУКА!!!! Библијата за нив ни кажува дека се од Сатаната.]“

ГОСПОД сака вие и на другите да им соопштите за вашето спасение. Можете да станете дистрибутер на евангелската литература на пасторот Тони Аламо. Литературата бесплатно ќе ви ја испратиме. Јавете ни се, или испратете ни е-пошта за да добиете повеќе информации за тоа. Споделете ја оваа порака и со некој друг.

Ако сакате светот да биде спасен како што ИСУС заповеда, тогаш не крадете ги ДЕСЕТОЦИТЕ и приносите, наменети за БОГА. БОГ кажал: „Смее ли човек да краде од БОГА? А вие сепак крадете од МЕНЕ. Ќе кажете, што сме окраднале од ТЕБЕ? Од десетоците и приносите. Со проклетство сте проколнати: бидејќи крадевте од МЕНЕ, вие и сиот овој народ, [и целиот овој свет]. Донесете ги сите десетоци [‘десеток’ е 10% од вашиот бруто доход] во складиштето, па да има храна [Духовна храна] и во МОЈОТ дом [спасени души], и испитајте МЕ, рече ГОСПОД САВАОТ, дали нема да ги отворам прозорите Небесни за да го истурам благословот врз вас, па дури да нема ниту доволно место за него. Ќе ги прекорам оние коишто ги уништуваат вашите плодови земни, па лозата ваша во полето нема да остане без плод, кажа ГОСПОД САВАОТ. И блажени ќе ве нарекуваат сите народи: затоа што ќе бидете земја на благослови, вели ГОСПОД САВАОТ“ (Малахија 3:8-12).

---

**22** II Тим. 2:15, 3:14-17, Јаков 1:22-25, Откр. 3:18 **23** Псал. 51:5, Рим. 3:10-12, 23 **24** Мат. 26:63-64, 27:54, Лука 1:30-33, Јован 9:35-37, Рим. 1:3-4 **25** Дела 4:12, 20:28, Рим. 3:25, I Јован 1:7, Откр. 5:9 **26** Псал. 16:9-10, Мат. 28:5-7, Марко 16:9, 12, 14, Јован 2:19, 21, 10:17-18, 11:25, Дела 2:24, 3:15, Рим. 8:11, I Кор. 15:3-7 **27** Лука 22:69, Дела 2:25-36, Евр. 10:12-13 **28** I Кор. 3:16, Откр. 3:20 **29** Ефес. 2:13-22, Евр. 9:22, 13:12, 20-21, I Јован 1:7, Откр. 1:5, 7:14 **30** Мат. 26:28, Дела 2:21, 4:12, Ефес. 1:7, Кол. 1:14 **31** Мат. 21:22, Јован 6:35, 37-40, Рим. 10:13 **32** Евр. 11:6 **33** Јован 5:14, 8:11, Рим. 6:4, I Кор. 15:10, Откр. 7:14, 22:14 **34** Мат. 28:18-20, Јован 3:5, Дела 2:38, 19:3-5 **35** Пов. зак. 4:29, 13:4, 26:16, Ис. Н. 1:8, 22:5, 2 Тим. 2:15, 3:14-17, Јаков 1:22-25, Откр. 3:18

*Ве молиме, контактирајте нè доколку ви се потребни повеќе информации, или за литература на други теми коишто можеби ве интересираат.*

**Tony Alamo, World Pastor, Tony Alamo Christian Ministries Worldwide • P.O. Box 2948, Hollywood, CA 90078**
**Дваесет и четири часовна линија за молитва и информации: Тел (661) 252-5686 • Факс (661) 252-4362**
**www.alamoministries.com • info@alamoministries.com**

*Tony Alamo Christian Ministries Worldwide им обезбедува место за живеење, со сите неопходни нешта за живот, на сите оние кои што се наоѓаат во рамките на нашата американска локација, и кои што вистински сакаат, со сето срце, сета душа, ум и сила, да му служат на ГОСПОДА.*

**Службата се одржува во Њујорк Сити, секој вторник, во 20 часот и на другите локации, во ноќните часови.**
**Ве молиме повикајте го бројот (908) 937-5723 за повеќе информации. ПО СЕКОЈА СЛУЖБА СЕ СЛУЖАТ ОБРОЦИ.**
**Побарајте ја книгата *Месијата (The Messiah)* од Пасторот Аламо, којашто ни покажува дека ХРИСТОС бил спомнат во Стариот Завет, во повеќе од 333 пророштва.**

*Станете работник во жетвата на душите, со тоа што ќе станете дистрибутер на литература на Тони Аламо.*
*Сета наша литература и аудио пораки се бесплатни, вклучително и транспортот.*
*Ако некој се обиде да ви наплати за тоа, ве молиме повикајте го бројот (661) 252-5686.*

**ОВАА ЛИТЕРАТУРА ГО СОДРЖИ ВИСТИНСКИОТ ПЛАН ЗА СПАСЕНИЕ (Дела 4:12).**
**НЕ ФРЛАЈТЕ ЈА, ДАЈТЕ МУ ЈА НА НЕКОЈ ДРУГ.**

**Оние од вас, кои што сте во други земји, ве охрабруваме да ја преведете оваа литература на вашиот мајчин јазик. Ако ја препечатувате, ве молиме вклучете го и ова авторско право и регистрацијата:**

© Авторско право февруари 2013, 2014 Сите права задржани Светски Пастор Тони Аламо ®Регистрирано февруари 2013, 2014

MACEDONIAN—Vol. 17500—*CHARIOTS OF FIRE*